# СЛУЖБЕН ГЛАСНИК
# НА ОПШТИНА КУМАНОВО

| „Службен гласник на Општина Куманово“ Излегува по потреба-Издавач: Општина Куманово-Тел. 423-505 - Одговорен уредник Марија Крстевска | Година LXII<br>Број 6<br>Куманово<br>8 мај<br>2018 год. | Претплата за 2017 година изнесува 2.000 денари.<br>трезорска с-ка 100-0000000630-95<br>с-ка на буџетски корисник 7410140525630-18<br>приходна шифра 725939 |
|---|---|---|

320.

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ бр. 5/02), член 51 став 1 точка 3 и член 52 од Статутот на Општина Куманово, Градоначалникот на Општина Куманово донесе

**Заклучок**
**за објавување на Одлука за давање на согласност на Одлуката на СОУ Гимназија „Гоце Делчев“ – Куманово за апликација и реализација на проектот „Еколошки мониторинг на трансграничните реки помеѓу Р. Бугарија и Р. Македонија“**

1. Се објавува Одлуката за давање на согласност на Одлуката на СОУ Гимназија „Гоце Делчев“ – Куманово за апликација и реализација на проектот „Еколошки мониторинг на трансграничните реки помеѓу Р. Бугарија и Р. Македонија“, Бр. 09-3091/3, што Советот на Општина Куманово ја донесе на седницата одржана на 04 мај 2018 година.
2. Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Куманово“.

Бр. 08-3293/1
7 мај 2018 година
Куманово

Градоначалник
на Општина Куманово,
**Максим Димитриевски,с.р.**

321.

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ бр. 5/02) и член 68 од Статутот на Општина Куманово („Службен гласник на Општина Куманово“ бр. 13/03, 13/07 и 8/15), Советот на Општина Куманово, на седницата одржана на 04 мај 2018 година, донесе

О Д Л У К А

**за давање на согласност на Одлуката на СОУ Гимназија „Гоце Делчев" – Куманово за апликација и реализација на проектот „Еколошки мониторинг на трансграничните реки помеѓу Р. Бугарија и Р. Македонија"**

Член 1

Се дава согласност на Одлуката на СОУ Гимназија „Гоце Делчев" – Куманово за апликација и реализација на проектот „Еколошки мониторинг на трансграничните реки помеѓу Р. Бугарија и Р. Македонија".

Член 2

Оваа Одлука влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Куманово".

Бр. 09-3091/3 Совет на Општина Куманово
4 мај 2018 година Претседател,
Куманово **Атина Мургашанска, с.р.**

322.

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ" бр. 5/02), член 51 став 1 точка 3 и член 52 од Статутот на Општина Куманово, Градоначалникот на Општина Куманово донесе

**Заклучок**
**за објавување на Одлука за отпочнување со работа и вршење на дејноста на Јавната општинска установа за деца – Детска градинка „Ангел Шајче" - Куманово во објектот „Детелинка" лоциран на ул. „Кирил и Методиј" бр. 1 во Куманово во состав на Јавната општинска установа за деца – Детска градинка „Ангел Шајче" - Куманово**

1. Се објавува Одлуката за отпочнување со работа и вршење на дејноста на Јавната општинска установа за деца – Детска градинка „Ангел Шајче" - Куманово во објектот „Детелинка" лоциран на ул. „Кирил и Методиј" бр. 1 во Куманово во состав на Јавната општинска установа за деца – Детска градинка „Ангел Шајче" - Куманово, Бр. 09-3091/4, што Советот на Општина Куманово ја донесе на седницата одржана на 04 мај 2018 година.
2. Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Куманово".

Бр. 08-3294/1 Градоначалник
7 мај 2018 година на Општина Куманово,
Куманово **Максим Димитриевски,с.р.**

323.

Врз основа на член 22 став 1 точка 7 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ" бр. 5/02), член 25 став 1 точка 40 од Статутот на Општина Куманово („Службен гласник на Општина Куманово" бр. 13/03, 13/07 и 8/15), а во врска со член 102-а став 3 од Законот за заштита на децата („Службен весник на РМ" бр. 23/13, 12/14, 44/14, 144/14, 10/15, 25/15, 150/15, 192/15, 27/16, 163/17 и 21/18), Советот на Општина Куманово, на седницата одржана на 04 мај 2018 година, донесе

## О Д Л У К А
### за отпочнување со работа и вршење на дејноста на Јавната општинска установа за деца - Детска градинка „Ангел Шајче" - Куманово во објектот „Детелинка" лоциран на ул. „Кирил и Методиј" бр. 1 во Куманово, во состав на Јавната општинска установа за деца - Детска градинка „Ангел Шајче" - Куманово

Член 1

Одлуката се донесува за отпочнување со работа и за вршење на дејноста на Јавната општинска установа за деца - Детска градинка „Ангел Шајче" Куманово во објектот „Детелинка" лоциран на ул. „Кирил и Методиј" бр. 1 во Куманово, во состав на Јавната општинска установа за деца - Детска градинка „Ангел Шајче" - Куманово.

Член 2

Во објектот ќе се спроведува програма за рано учење и развој. Според време-траењето програмата ќе се остварува во целодневен престој на децата.

Згрижувањето и воспитанието на децата ќе се реализира во 3 воспитни групи од 9 месеци до 6 години возраст, односно до вклучување во основно образование, за 62 деца.

Член 3

Назив на објектот е „Детелинка" и се наоѓа во Куманово.

Член 4

Дејноста на детската градинка е: Згрижување и воспитание на деца од предучилишна возраст која се организира за згрижување, престој, нега, исхрана, воспитно - образовни, спортско - рекреативни, културно-забавни активности, мерки и активности за подобрување и зачувување на здравјето и за поттикнување на интелектуалниот, емоционалниот, физичкиот, менталниот и социјалниот развој на детето до 6 години живот, односно до вклучување во основното образование.

Член 5

За реализација на програмата за рано учење и развој ќе се обезбеди кадар согласно Правилникот за стандардите и нормативите за вршење на дејноста на установите за деца („Службен весник на РМ" бр. 28/14, 40/14, 136/14 и 71/15).

Член 6

Средствата за непречено и нормално функционирање, односно за вршење на дејноста на објектот ќе се обезбедат од буџетот на Општина Куманово, од Буџетот на Република Македонија

преку блок дотации, од надоместокот на корисниците на услугата, донации и други извори на финансирање согласно закон.

Член 7

Општина Куманово, како основач на ЈОУДГ „Ангел Шајче“ – Куманово, ќе ги преземе сите потребни активности утврдени во законските и подзаконските акти, со цел добивање на решение од Министерството за труд и социјална политика за отпочнување со работа на објектот.

Член 8

Директорот на ЈОУДГ „Ангел Шајче“ - Куманово се обврзува да ги преземе сите потребни активности, согласно законските и подзаконските акти, со цел усогласување на актите на градинката, поради отпочнување со работа на новиот објект.

Член 9

Одлуката влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Куманово“.

Бр. 09-3091/4 Совет на Општина Куманово
4 мај 2018 година Претседател,
Куманово **Атина Мургашанска, с.р.**

324.

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ бр. 5/02), член 51 став 1 точка 3 и член 52 од Статутот на Општина Куманово, Градоначалникот на Општина Куманово донесе

**Заклучок**
**за објавување на Одлука за давање на согласност за апликација и реализација на проектот „Зајакнување на туристичкиот потенцијал во Куманово и Ќустендил преку модерна визија за регионите“**

1. Се објавува Одлуката за давање на согласност за апликација и реализација на проектот „Зајакнување на туристичкиот потенцијал во Куманово и Ќустендил преку модерна визија за регионите“, Бр. 09-3091/5, што Советот на Општина Куманово ја донесе на седницата одржана на 04 мај 2018 година.
2. Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Куманово“.

Бр. 08-3295/1 Градоначалник
7 мај 2018 година на Општина Куманово,
Куманово **Максим Димитриевски,с.р.**

325.

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ бр. 5/02) и член 68 од Статутот на Општина Куманово („Службен гласник на

Општина Куманово“ бр. 13/03, 13/07 и 8/15), Советот на Општина Куманово, на седницата одржана на 04 мај 2018 година, донесе

## О Д Л У К А
## за давање на согласност за апликација и реализација на проектот „Зајакнување на туристичкиот потенцијал во Куманово и Ќустендил преку модерна визија за регионите“

Член 1

Со оваа Одлука Советот на Општина Куманово дава согласност за апликација и реализација на проектот „Зајакнување на туристичкиот потенцијал во Куманово и Ќустендил преку модерна визија за регионите “, за чие финансирање ќе биде поднесен проектен предлог за користење на средства од ИПА грантот за прекугранична соработка Македонија-Бугарија, согласно Јавниот повик бр.CCI2014TC16I5CB006, објавен на 16 февруари 2018 година од страна на Министерството за локална самоуправа на РМ.

Со оваа Одлука Советот на Општина Куманово дава согласност за имплементација и реализација на целите на проектот, најмалку 5 години по завршувањето на проектот.

Член 2

Одлуката влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Куманово“.

Бр. 09-3091/5 Совет на Општина Куманово
4 мај 2018 година Претседател,
Куманово **Атина Мургашанска, с.р.**

**326.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ бр. 5/02), член 51 став 1 точка 3 и член 52 од Статутот на Општина Куманово, Градоначалникот на Општина Куманово донесе

## Заклучок
## за објавување на Одлука за организацијата, делокругот и начинот на извршување на задачите на општинската администрација на Општина Куманово

1. Се објавува Одлуката за организацијата, делокругот и начинот на извршување на задачите на општинската администрација на Општина Куманово, Бр. 09-3091/6, што Советот на Општина Куманово ја донесе на седницата одржана на 04 мај 2018 година.

2. Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Куманово“.

Бр. 08-3296/1 Градоначалник
7 мај 2018 година на Општина Куманово,

Куманово **Максим Димитриевски,с.р.**

327.

Врз основа на член 17 став (7) од Законот за вработените во јавниот сектор („Службен весник на Република Македонија" бр.27/14, 199/14,27/16 и 35/18), член 57 став (4) од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија" бр. 05/02), член 25 став (1) точка 24 и член 62 став (4) од Статутот на Општина Куманово („Службен гласник на Општина Куманово" бр. 13/03, 13/07 и 8/15), на предлог на градоначалникот, Советот на Општина Куманово, на седницата одржана на ден 04 мај 2018 година, утврди

## О Д Л У К А

### за организацијата, делокругот и начинот на извршување на задачите на општинската администрација на Општина Куманово

## I . ОСНОВНИ ОДРЕДБИ

### Член 1

Со оваа одлука се утврдува внатрешната организацијата на Општина Куманово (во натамошниот текст: (општината), видот и бројот на организационите единици и нивниот делокруг на работа, начините и формите на раководење, како и графички приказ (органограм) на внатрешната организација на општината.

### Член 2

Внатрешната организација на Општина Куманово се заснова на следните начела:
-еднакви услови, еднаков пристап до работно место, соодветна правична застапеност;
-стручност и компетентност;
-управување со ефектот на вработените;
-сервисна ориентираност;
-професионална етика, непристрасност и објективност;
-транспарентност и доверливост;
-одговорност;
-спречување на судир на интереси;
-економично користење на средствата.

### Член 3

Општинската администрација:
- ги подготвува актите за советот и градоначалникот;
- ги подготвува седниците на советот, како и седниците на неговите постојани и повремени комисии;
- врши стручни работи за Советот и Градоначалникот;
- го води сметководството на општината;
- ја следи проблематиката во областите од надлежност на Општината, врши анализа на состојбите и дава иницијативи и предлози за нивно решавање;
- доставува информации и податоци во врска со активностите на Општината на барање на надлежните органи или врз основа на закон;
- ракува со документите на општината и ги чува се до нивното уништување, односно предавање во Државниот архив на Република Македонија и

- врши и други работи што ќе ги определи советот и градоначалникот.

Член 4

Општинската администрација на Општина Куманово работите и задачите од надлежност на органите на општината ги извршува во согласност со законот, статутот и другите акти донесени врз основа на закон.

## II . ВИД И БРОЈ НА ОРГАНИЗАЦИОНИ ЕДИНИЦИ

Член 5

Врз основа на надлежностите утврдени со закон како и според видот, обемот, сложеноста, меѓусебна сродност и поврзаност општинската администрација на Општина Куманово се организира во сектори, одделенија и Територијална против пожарна единица.

Член 6

**Општинската администрација на Општината Куманово се организира во следните Сектори и Одделенија**:

1. **Сектор за поддршка на градоначалникот и советот на Општината, информирање и односи со јавност и информатичка технологија**, во чиј состав се:

1.1 Одделение за поддршка на Градоначалник
1.2 Одделение за поддршка на Совет на Општина
1.3 Одделение за информирање и односи со јавноста
1.4 Одделение за информатичка технологија

2. **Сектор за правни работи, имотни правни и општи работи** во чиј состав се:

2.1. Одделение за правни работи и имотно правни работи
2.2. Одделение за општи работи

3. **Сектор за Финансиски прашања** во чиј состав се:

3.1. Одделение за буџетска координација и буџетска контрола
3.2. Одделение за сметководство и плаќања
3.3 Одделение за јавни набавки

4. **Сектор за даноци и такси** во чиј состав се:

4.1 Одделение за утврдување и наплата на данок на промет на наследство и подарок
4.2 Одделение за утврдување и наплата на данок на имот, наплата на даноци, такси и други надоместоци

5. **Сектор за урбанизам** во чиј состав се:

5.1. Одделение за планирање и донесување на урбанистичка документација
5.2. Одделение за спроведувње на урбанистичка документација и
5.3. Одделение за управување и документирање на градежно земјиште

6. **Сектор за комунални работи, инфрастуктура и сообраќај и заштита на животната средина и природата,** во чиј состав се:

6.1 Одделение за комунални работи, инфрастуктура и сообраќај
6.2 Одделение за заштита на животната средина и природата

7. **Сектор за образование**, во чиј состав се:
7.1. Одделение за предучилишно и основно образование
7.2. Одделение за средно образование и ученички стандард

8. **Сектор за култура, спорт, социјална заштита, заштита на децата и здравствена заштита**, во чиј состав се:
8.1 Одделение за култура и спорт
8.2 Одделение за социјална заштита, заштита на децата и здравствена заштита
9. **Сектор за инспекциски надзор – Инспекторат**, во чиј состав се:
9.1. Одделение за инспекциски надзор во урбанистичко-градежна и комунална дејност, животна средина и угостителско-туристичка дејност и
9.2. Одделение за даночна инспекција, инспекциски надзор во јавните дејности и друг надзор од надлежност на Општината

10. **Сектор за внатрешна ревизија**, во чиј состав се:
10.1 Одделение за ревизија на регуларност на системите за внатрешна контрола,
10.2 Одделение за финансиска ревизија и ревизија на успешност на работењето

11. **Сектор за Меѓународна соработка и евроинтеграции, стратешко планирање, креирање политики, следење и локален економски развој (ЛЕР)**, во чиј состав се:
11.1 Одделение за меѓународна соработка и евроинтеграции
11.2 Одделение за стратешко планирање, креирање политики, следење и локален економски развој (ЛЕР)

12. **Одделение за управување со човечки ресурси**
13. **Територијална противпожарна единица на Општината Куманово**

## III . ДЕЛОКРУГ НА РАБОТА НА ОРГАНИЗАЦИОНИТЕ ЕДИНИЦИ

### Член 7

**1. Сектор за поддршка на градоначалникот и советот на Општината, информирање и односи со јавноста и информатичка технологија**

Секторот за поддршка на Градоначалникот и Советот на Општината, информирање и односи со јавноста и информатичка технологија ја обединува, координира, контролира, следи и ја унапредува меѓусебната соработка на одделението за поддршка на Градоначалникот, одделението за поддршка на советот и одделението за односи со јавноста и информирање, кои се во негов состав.

### Член 8

**1.1. Одделението за поддршка на Градоначалникот**

Одделението за поддршка на Градоначалникот ги врши работите што се однесуваат на: организирање прослави по повод празници, протокол, меѓуопштинска соработка, административна поддршка, писмена кореспонденција, контакти со месни заедници, телефонски контакти, документација и архива, архивирање на актите на Градоначалникот, врши и други работи што ќе му бидат доверени од Советот и Градоначалникот.

Член 9

**1.2. Одделение за поддршка на советот на општината**

Одделението за поддршка на советот на општината ги врши работите што се однесуваат на: подготвување на нормативните акти (одлуки и други општи и поединечни акти) од надлежност на советот и градоначалникот, составување, подготовка за објавување и објавување на актите од Советот и Градоначалникот, дава мислење на прописи од аспект на нивната законитост, ги следи прописите и нивните измени и дополнувања, врши стручни и организациски работи за седниците на советот на Општината, неговите тела и градоначалникот, врши и други работи што ќе му бидат доверени од Советот и Градоначалникот.

Член 10

**1.3. Одделение за информирање и односи со јавноста**

Одделението за информирање и односи, ги врши работите што се однесуваат на: информирање на граѓаните за работата на органите на Општината, функциите и надлежностите на Општината и јавните служби основани од Општината, дава потребни информации на граѓаните за остварување на нивните права пред органите и службите на Општината, пред подрачните државни органи и служби, организира и подготвува маркетинг-план за содржините од својата надлежност, остварува контакти со невладините организации и здруженија на граѓаните, организира саеми, манифестации и промоции, изготвува информации, белешки и соопштенија што се во надлежност на Општината, врши и други работи што ќе му бидат доверени од Советот и Градоначалникот.

Член 11

**1.4. Одделение за информатичка технологија**

Оддеелението за информатичка технологија врши работи мрежно поврзување на сектори и одделенија, одржувањена постоечката информатичка структура и компјутерски системи, администрирање и ажурирање на веб страната на општината и импламентација и употреба на нови информатички модули, администрирање на софтверот и грижа за одржување и развој на информатичката технологија за потребите на општината, врши и други работи што ќе му бидат доверени од Советот и Градоначалникот.

Член 12

**2. Сектор за правни работи, имотно правни и општи работи**

Секторот за правни работи, имотно правни и општи работи ја обединува, координира, контролира и ја следи и унапредува меѓусебната соработка на Одделението за правни работи, имотно правни и општи работи, кои се во негов состав.

Член 13

**2.1. Одделението за правни работи и имотно правни работи**

Одделението за правни работи и имотно правни работи ги врши работите што се однесуваат на: застапување на општината пред судовите и државните органи во Република Македонија, се грижи за општинскиот недвижен имот, негово администрирање со инвестиционо и тековно одржување, спроведување на постапка за концесии и јавно приватно партнерство, промовирање на интересите на општината за концесии и јавно приватно партнерство, врши и други работи што ќе му бидат доверени од Советот и Градоначалникот.

Член 14

**2.2. Одделението за општи работи**

Одделението за општи работи ги врши работите што се однесуваат на: следење и применување на законите, прописите и општите акти за канцелариското и архивското работење, прашања од непосредно и секојдневно значење за животот и работата на жителите на месните заедници , подготовки за цивилна и противпожарна заштита, работи за возниот парк, достава на акти и другитe помошно-технички работи, врши и други работи што ќе му бидат доверени од Советот и Градоначалникот.

Член 15

**3. Сектор за Финансиски прашања**

Секторот за финасиски прашања ги обединува, координира, контролира и ја следи и унапредува меѓусебната соработка на одделението за буџетска координација, оддлението за буџетска контрола, одделението за сметководство и плаќања и одделението за јавни набавки, кои се во негов состав:

Член 16

**3.1. Одделение за буџетска координација и буџетска контрола**

Одделението за буџетска координација и буџетска контрола ги врши работите што се однесуваат на координирање на процесот на подготвување, изготвување, изменување и дополнување на буџетот и на (годишни, квартални и месечни)буџетски и стратешки планови на општината и општинските буџетски корисници. Координирање на процесот на развој, воспоставување, спроведување и одржување на финансиското управување и контрола.Давање предлози за воспоставување/укинување на ex ante финансиска контрола со вршење на проценка на ризик и ажурирање на процедурите за работните процеси во областа на финансиското управување и контрола. Задолжително давање на мислења по предлог актите што ги изготвуваат другите организациони единици во субјектот и предлог актите на други субјекти кои имаат или може да имаат финасиски импликации за буџетот на општината. Изготвување план за воспоставување на финансиското управување и контрола како и методологијата за спроведување на планот кои ги одобрува раководителот на субјектот. Следење и примена на законската регулатива од областа на буџетското работење. Давање на мислење по предлог на актите што ги изготвуваат другите организациони единици во општината и предлог актите на други субјекти кои имаат или можат да имаат финансиски импликации за буџетот на општината. Подготовка на извештај за реализирани програми, проекти и договори. Подготовка на извештај за активностите за воспоставување и развој на финансиското управување и контрола. Вршење на самопроценки на одделни процеси на

системот на финансиско управување и контрола, подготовка на Годишниот финансиски извештај.
Одделението ги врши и работите што се однесуваат на контролирање на извршувањето на буџетот. Контролирање на извршувањето на утврдените политики и оперативно управување (надзор над целокупниот процес за финансиското управување и контрола). Контрола на следење на реализацијата на договорите за јавни набавки и спроведува ex ante и ex post финансиска контрола – вршење документирана контрола на комплетноста и исправноста на целокупната документација (фактури, порачки, испратници, работни налози, приемници и друго и нивна усогласеност со договорот за јавни набавки). Контрола на изготвување на информации и извештаи за извршувањето на буџетот. Контрола на следење и примена на законската регулатива (закони, подзаконски акти, прописи, стандарди, упатства) од областа на финансиското управување и контрола. Контрола на расположивоста на планираните средства во буџетот/финансискиот план пред преземање на обврските, контрола на плати во општина и општински буџетски корисници и вршење на други работи што ќе му бидат доверени од Советот и Градоначалникот.

Член 17

### 3.2. Одделение за сметководство и плаќања

Одделението за сметководство и плаќања ги врши работите што се однесуваат на спроведување сметководствено евидентирање за извршување на буџетот/финасискиот план и подготвувањетона годишна сметка и годишен извештај (биланс на состојба, биланс на приходите и расходите, консолидиран биланс на капиталниот имот, биланс на задолжување и белешки/образложение кон финансиските извештаи). Сметководствено евидентирање на основните средства на општината, евидентирање и наплата на побарувањата и евидентирање и плаќање на достасаните обврски, материјално и даночно сметководство. Буџетското и финасиското известување. Заштитата за средствата и обврските чија вредност е евидентирана во билансот на состојба. Изготвување на годишни, квартални и месечни финансиски извештаи за буџетот на општината и неговите органи во состави и единки корисници согласно законските прописи. Ex ante сметководствена контрола на целокупната документација пред да се изврши плаќањето согласно пишаните процедури за смнетководствените процеси. Следење и примена на законската регулатива од областа на сметководственото, материјалното и финансикото работење. Секојдневно водење на благајнички работи.Пресметка и исплата на платите на вработените во општина и општински буџетски корисници. Врши усогласување на состојбите во даночната евиденција, сметководство и евидентирање на задолжувањата и раздолжувањата за даноците, придонесите и таксите и вршење на други работи што ќе му бидат доверени од Советот и Градоначалникот.

Член 18

### 3.3. Одделение за јавни набавки

Одделението за јавни набавки ги врши работите што се однесуваат на следење и примена на законската регулатива од областа на јавните набавки. Подготовка на интерни акти/процедури за јавни набавки. Координирање на потребите за јавни набавки во субјектот и подготовка на годишен план за јавни набавки. Следење на извршувањето на годишен план за јавни набавки. Подготовка за решенија/одлуки за јавна набавка и договори и барања согласности за јавни набавки. Подготовка на огласи за јавни набавки и тендерска документација. Водење евиденции на јавните набавки што се вршат во субјектот по видови на постапки и евиденции

на другите набавки по видови. Изготвување договори за јавните набавки. Координирање, изготвување и следење на реализацијата на порачките согласно склучените договори за јавните набавки и вршење на други работи што ќе му бидат доверени од Советот и Градоначалникот.

Член 19

**4.. Сектор за даноци и такси**

Секторот за даноци и такси ги обединува, координира, контролира и ја следи и унапредува меѓусебната соработка на Одделението за утврдување и наплата на данок на промет на наследство и подарок и Одделението за утврдување и наплата на данок на имот, наплата на даноци, такси и други надоместоци

Член 20

**4.1. Одделение за утврдување и наплата на данок на промет на наследство и подарок**

Одделението за утврдување и наплата на данок на промет на наследство и подарок ги врши работите што се однесуваат на: следење и применување на прописите што се однесуваат на утврдување на данокот на промет, наследство и подарок, изготвува список со капацитети на даноци и такси, врши администрирање на приходите на Општината, утврдување и наплата на данок на промет, наследство и подарок кои се приход на Општина Куманово, регистрирање во уписник на даночните пријави за данок на промет, наследство и подарок, изготвување налози за пресметка на основица за данок на промет, изготвување на решенија за наплата на данокот на промет, изготвување решенија по поднесени жалби, доставување поднесените жалби до второстепена комисија при Министерството за финансии на РМ, контрола на донесените решенија, врши присилна наплата на даночен долг, парична казна и камата, попис и проценка следење и примена на законските прописи. врши други работи што ќе му се доверат согласно законите и другите прописи и работи што ќе му бидат доверени од Советот и Градоначалникот.

Член 21

**4.2. Одделение за утврдување и наплата на данок на имот, наплата на даноци, такси и други надоместоци**

Одделението за утврдување и наплата на данок на имот, наплата на даноци, такси и други надоместоци ги врши работите што се однесуваат на: утврдување и наплата на таксите и други надоместоците кои се приходи на Општина Куманово, водење регистар за комуналлни такси и други надоместоци и други регистри потребни за утврдување и наплата на комуналните такси и други такси, водење на жалбената постапка на комунални такси, ажурирање на базата на податоци за присилна наплата на, такси и други надоместоци, регистрирање во уписник на даночните пријави за данок на имот, изготвување налози за пресметка на основица за данок на имот, изготвување на решение за наплата на данокот на имот, изготвување решение по поднесени жалби, доставување на поднесените жалби до второстепена комисија при Министерството за финансии на РМ, контролирање на донесено решение, ажурирање на базата на податоци за присилна наплата, следење и примена на законските прописи, врши други работи што ќе му се доверат согласно законите и другите прописи и работи што ќе му бидат доверени од Советот и Градоначалникот.

Член 22

5. Сектор за урбанизам

Секторот за урбанизам ја обединува, координира, контролира и ја следи и унапредува меѓусебната соработка на Одделението за планирање и донесување на урбанистичка документација, Одделението за спроведувње на урбанистичка документација и Одделението за управување и документирање на градежно земјиште.

Член 23

5.1. Одделението за планирање и донесување на урбанистичка документација

Одделението за планирање и донесување на урбанистичка документација ги врши следните работи: урбанистичко планирање; учествува и ја спроведува постапката за изработка, донесување, изменување и дополнување на Генерален урбанистички план, деталени урбанистички планови, урбанистичка документација на населено место (село),урбанистички планови за вон населено место, локална урбанистичка документација, општ акт за условите за градба на објекти во населено место, урбанистички проекти и друга урбанистичка документација утврдена со Законот за просторно и урбанистичко планирање; покренува иницијативи за изработка, дополнување и изменување на урбанистичките планови и урбанистичко планска документација; ја следи реализацијата на урбанистичките планови и урбанистичко планска документација; изготвува анализи и извештаи за степенот на реалазација на урбанистичките планови и урабнистичко планска документација; изготвува програми и извештаи за урбанистичко планирање, врши проучување и применување на законите, прописите и другите општи акти од областа на урбанизмот и градежништвото, издава насоки при изработка на архитектонски проекти, издава согласност на архитектонски проекти, врши и други работи што ќе му бидат доверени од Советот и Градоначалникот.

Член 24

5.2. Одделение за спроведување на урбанистичка документација

Одделението за спроведување на урбанистичка документација ги врши следните работи: спроведување на урбанистички планови и друга урбанистичка документација, издава одобренија за градење на објекти од втора категорија на градба, утврдени согласно законот за градење, врши предбележување на градба како и запишување на промена во катастар на недвижности, спроведува пстапка за утврдување на правен статус на бесправно изградени објекти, врши и други работи што ќе му бидат доверени од Советот и Градоначалникот.

Член 25

5.3. Одделение за управување и документирање на градежно земјиште

Одделението за управување и документирање на градежно земјиште ги врши следните работи: ја реализира програмата за работа во областа на располагањето со градежно земјиште во сопственост на Република Македонија на подрачјето на Општина Куманово, изготвува предлог договори за давање на градежно земјиште под долготраен и краткотраен закуп, спроведува постапка за отуѓување и давање под долготраен закуп на градежно земјиште сопственост на РМ по пат на јавно надавање, спроведува постапка за отуѓување и давање под долготраен закуп на градежно земјиште со непосредна спогодба и сите останати постапки

согласно Законот за градежно земјиште, спроведува постапки за отуѓување и давање на недвижности сопственост на општината и јавните претпријатија по пат на електронско јавно надавање согласно Законот за користење и располагање со стварите во државна сопственост си со стварите во општинска сопственост, изготвува програми и извештаи за работа во областа на располагањето со градежно земјиште во сопственост на Република Македонија на подрачјето на Општина Куманово, врши и други работи кои ќе му бидат доверени од Советот и Градоначалникот.

Член 26

**6. Сектор за комунални работи, инфрастуктура и сообраќај и заштита на животната средина и природата**

Секторот за комунални работи, инфрастуктура и сообраќај и заштита на животната средина и природата ги обединува, координира, контролира и ја следи и унапредува меѓусебната соработка на Одделение за комунални работи и инфрастуктура и сообраќај и Одделението за заштита на животната средина и заштита на природата,

Член 27

**6.1 Одделение за комунални работи, инфрастуктура и сообраќај**

Одделение за комунални работи, инфраструктура и сообраќај ги врши работите што се однесуваат на: следење на законските и подзаконските акти од областа на комунални работи, изградба и одржување на комуналната инфраструктура и истите ги применува, работи во врска со организирање, изградба, реконструкција и одржување на локални патишта и улици, вршење на работите сврзани со јавното осветлување во градот и населените места на подрачјето на Општината, следење на состојбите за уредување и одржување на јавното зеленило, вршење и други работи што со посебни закони за комунални дејности се дадени во надлежност на Општината, изготвува програми и извештаи и ја следи проблематиката од областа на комунални работи, сообраќај, изградба и одржување на комуналната инфраструктура, уредување, грижа за изградбата и одржувањето на уличната сообраќајна сигнализација, изградбата и одржувањето на јавниот простор за паркирање, ги анализира состојбите и дава иницијативи за нивно разрешување од областа на комуналната инфраструктура, уредувањето и организирањето на јавниот локален превоз,издавање на лиценци за такси превоз на територијата на Општината, следење на состојбите на другата комунална опрема поставена на улиците и другите јавни површини,именување и нумерирање на улици, регулирање на режимот на сообраќај; изградба и одржување на уличната сообраќајна сигнализација; врши следење на реализација на годишните програми на јавните претпријатија во Општинта, врши видео мониторинг со дрон на територија на Општината, врши и други работи што ќе му бидат доверени од Советот и Градоначалникот.

Член 28

**6.2 Одделение за заштита на животната средина и природата**

Одделението за заштита на животната средина и природата ги врши работите што се однесуваат на: заштита на животната средина, мерки за заштита и спречување на

загадувањето на водата, воздухот и земјиштето, заштита од бучава и нејонизирачко зрачење, следење на законски прописи и други општи акти и меѓународните докумнети и искуства од областа на заштита на животната средина, со следење на состојбите и врз основа на мониторингот, изготвување на стратешките документи, програми, планови и прокети, како и предлози за политики по начелни прашања од сферата на заштитата на животната средина, заштитата на природата, спроведување на мерките кои произлегуваат од заштитата на природата, следење на законски прописи и други општи акти и меѓународните докумнети и искуства од областа на заштита на природата, со следење на состојбите и врз основа на мониторингот, изготвување на стратешките документи, програми, планови и проекти, како и предлози за политики по начелни прашања од сферата на заштитата на природата, врши и други работи што ќе му бидат доверени од Советот и Градоначалникот.

### Член 29

**7. Сектор за образование**

Секторот за образование ја обединува, координира, контролира и ја следи и унапредува меѓусебната соработка на Одделението за предучилишно и основно образование и Одделението за средно образование и ученички стандард, кои се во негов состав:

### Член 30

**7.1. Одделението за предучилишно и основно образование**

Одделението за предучилишно и основно образование ги врши работите што се однесуваат на: основање, функционирање и администрирање на основните училишта во општината и во соработка со другите сектори – одделенија за општинска администрација и централна власт, организирање на превоз на учениците, реонизацијата и мрежата на основното образование и други локални надлежности во основното образование, врши и други работи што ќе му бидат доверени од Советот и Градоначалникот.

### Член 31

**7.2. Одделението за средно образование и ученички стандард**

Одделението за средно образование и ученички стандард ги врши работите што се однесуваат на: основање, функционирање и администрирање на средното обаразование и општинските јавни установиод областа на ученичкиот стандард во соработка со други сектори – одделенија на општинската администрацијаи централната власт, организирање на превоз на учениците, ученичкиот стандард и сместување во ученичките домови, функционирањето и развојот на средното образование во оштината и мрежата на средно образование и други локални надлежности во средното средно стручното образование и ученички стандард, врши и други работи што ќе му бидат доверени од Советот и Градоначалникот.

### Член 32

**8. Сектор за култура, спорт, социјална заштита, заштита на децата и здравствена заштита**

Секторот за култура, спорт, социјална заштита, заштита на децата и здравствена заштита ја обединува , координира, контролира, и ја следи и унапредува меѓусебната соработка на Одделението за култура и спорт и Одделението за социјална заштита, заштита на децата и здравствена заштита, кои се во негов состав:

Член 33

**8.1 Одделение за култура и спорт**

Одделиение за култура и спрт ги врши работите што се однесуваат на: основање, функционирање и администрирање на општинските јавни установи од обласста на културата и спортот и во соработка со другите сектори – одделенија на општинската администрација и централната власт, институционална и функционална поддршка на културните и спортските установи и проекти, културните и спортските манифестации, рекреацијата и масовниот спорт, поддршка на спортските сојузи, функционална и програмска подршка во изградбата, одржувањетои намената на спортските објекти, врши и други работи што ќе му бидат доверени од Советот и Градоначалникот.

Член 34

**8.2 Одделение за социјална заштита, заштита на децата и здравствена заштита**

Одделението за социјална заштита, заштита на децата и здраствена заштита ги врши работите што се однесуваат на: остварување на социјалната заштита и заштитата на децата и основање, функционирање и администрирање на установите од овие области-домови за стари лица, детските градинки и друг вид на установи, согласно закон, а кои се во општинската надлежност , во соработка со другите сектори и одделенија на општинската администрација и централната власт , вонинституционалните форми на социјалната и детската заштита во општинска надлежност , врши администрирање со управувањето на мрежата на јавните здравствени установи и објекти од примарната здравствена заштита и други надлежности на општината во здравствената област , врши и други работи што ќе му бидат доверени од Советот и Градоначалникот.

Член 35

**9. Сектор за инспекциски надзор -Инспекторат**

Секторот за инспекциски надзор – Инспекторат ја обединува, координира, контролира и ја следи и унапредува меѓусебната соработка на Одделението за инспекциски надзор во урбанистичко-градежна и комунална дејност, животна средина и угостителско-туристичка дејност и Одделението за даночна инспекција, инспекциски надзор во јавните дејности и друг надзор од надлежност на Општината, кои се во негов состав.

Член 36

**9.1. Одделение за инспекциски надзор во урбанистичко-градежна и комунална дејност, животна средина и угостителско-туристичка дејност**

Одделението за инспекциски надзор во урбанистичко-градежна и комунална дејност, животна средина и угостителско-туристичка дејност ги врши работите што се однесуваат на: вршење

инспекциски надзор и следење на примената на законските прописи и прописите на Општината во областа на урбанистичко-градежната област, комуналната дејност, врши инспекциски надзор од областа на сообраќајот и патиштата, заштитата на животната средина и природата, угостителско-туристичката и занаетчиската дејност, врши и други работи што ќе му бидат доверени од Советот и Градоначалникот.

Член 37

**9.2. Одделение за даночна инспекција, инспекциски надзор во јавните дејности и друг надзор од надлежност на Општината**

Одделението за даночна инспекција и инспекциски надзор во јавните дејности и друг надзор од надлежноста на Општината ги врши работите што се однесуваат на: вршење на инспекциски надзор и следење на примената на законските прописи и прописите на Општината во областа на наплатата на локалните даноци, и другите приходи на Општината, вршење инспекциски надзор во основното и средното образование и спорт, врши и други работи што ќе му бидат доверени од Советот и Градоначалникот.

Член 38

**10.Сектор за внатрешна ревизија**

Секторот за внатрешна ревизија ја обединува , координира , контролира , ја следи и ја унапредува меѓусебната соработка на одделението за ревизија и регуларност на системите за внатрешна контрола и одделението за финансиска ревизија и ревизија на успешност на работењето , кои се во негов состав .

Член 39

**10.1.Одделението за ревизија и регуларност на системите за внатрешна контрола**

Одделението за ревизија и регуларност на системите за внатрешна контрола ги врши работите кои се однесуваат на : вршење внатрешна ревизија на системите за внатрешна контрола и ревизија на усогласеност (регуларност) , согласно закон и со системот и процедурите за внатрешна ревизија воспоставени од Општината согласно со меѓународните стандарди за професионално работење на внатрешната ревизија прифатени од Министерството за финансиии, подготвува годишен план на Одделението по кој се врши внатрешната ревизија и по одобрување на Градоначалникот на Општината го обезбедува неговото спроведување и следење , доставува извештаи за извршената внатрешна ревизија до Градоначалникот и Советот на Општината , подготвува годишни извештаи за работењето на одделението , врши оценување на значајни фактори на ризик и давање совети на Градоначалникот на Општината за намалување на факторите за ризик , врз основа на анализи од работењето ја утврдува и оценува економичноста , ефикасноста и ефективноста во работењето на системите за финансиско управување и контрола и дава препораки за подобрување на работењето на општинската администрација , ја следи и проверува точноста и комплетноста на сметководствената евиденција и финансиските извештаи , ја утврдува и оценува усогласеноста на работењето со законите , подзаконските акти и актите на органите на Општината , обезбедува евидентирање на ревизорски активности и ревизорски докази како и

чување на документите од ревизиите најмалку 10 години , врши и други работи што ќе му бидат доверени од Советот и Градоначалникот.

Член 40

**10.2. Одделение за финансиска ревизија и ревизија на успешност на работењето**

Одделението за финсниска ревизија и ревизија на успешност на работењето , ги врши работите кои се однесуваат на: вршење внатрешна ревизија на успешност во работењето (извршувањето) и финансиска ревизија согласно закон и системот и процедурите за внатрешна ревизија воспоставени од Општината согласно со меѓународните стандарди за професионално работење на внатрешната ревизија прифатени од Министерството за финании , подготвува годишен план на Одделнието по кој се врши внатрешна ревизија и по одобрување од Градоначалникот на Општината го обезбедува неговото спроведување и следење, доставува извештаи за извршената ревизија до Градоначалникот и Советот на Општината , подготвува годишни извештаи за работата на Одделението , врши оценување на значајни фактори на ризик и давање совети на Градоначалникот на Општината за утврдување на факторите на ризик, врз основа на анализи од работењето ја утврдува и оценува економичноста , ефикасноста и ефективноста во работењето на системите за финснсиско управување и контрола и дава препораки за подобрување на работењето на опшинската администрација , ја следи и проверува точноста и комплетноста на сметководствената евиденција и финансиските извештаи, ја утврдува и оценува усогласеноста на работењето со законите , под законските акти и актите на органите на Општината, обезбедува евидентирање на ревизорски активности и ревизорски докази како и чување на документите од ревизиите најмалку 10 години, врши и други работи што ќе му бидат доверени од Советот и Градоначалникот.

Член 41

**11. Сектор за меѓународна соработка и евроинтеграции, стратешко планирање, креирање политики, следење и локален економски развој (ЛЕР)**

Секторот за меѓународна соработка и евроинтеграции, стратешко планирање креирање политики, следење и ЛЕР ја обединува, координира, контролира и ја следи и унапредува меѓусебната соработка на Одделението за меѓународна соработка и евроинтеграции и Одделението за стратешко планирање креирање политики, следење и ЛЕР, кои се во негов состав.

Член 42

**11.1. Одделение за меѓународна соработка и евроинтеграции**

Одделението за меѓународна соработка и евроинтеграции во соработка со Одделението за поддршка на Градоначалникот, ги врши работите што се однасуваат на: воспоставување, одржување и развивање на соработката на општината Куманово со општини во други земји, со странски донатори, организации и со кредитори. Предлага годишна и среднорочна програма за соработка на општината со збратимени општини во странство. Воспоставува соработка со меѓународни организации на локалните заедници. Врши работи што се поврзани со воспоставување, одржување и развивање на соработката на општината со општини во други земји, со странски донатори, организации и со кредитори. Организира средби и состаноци со претставници на општини и организации од странство. Презема мерки и активности за

зачленување на општината во меѓународни организации на локални власти. Дава мислење во врска со договори за меѓународна соработка и го следи нивното извршување. Ги реализира проектите од областа на соработка на општината со збратимени општини во странство во соработка со другите делови на општинската администрација, - поднесува предлог-проекти за поддршка од странски донатори и кредитори. Го организира учеството на општината на конкурси за финансирање на проекти од страна на странски донатори и кредитори. Учествува во подготовката и евалуацијата на целокупната документација што се поднесува до странските донатори и кредитори. Ја координира активноста на сите делови на општинската администрација околу реализацијата на проектите финансирани од странски донатори и кредитори и врши други работи што ќе му се доверат во согласност со законите и со други прописи, ги следи активностите поврзани со европските процеси. Обезбедува информации на Општина Куманово за европските политики кои се во тек на дефинирање. Предлага мерки и активности за изградба на капацитетите на градската администрација согласно со европското законодавство. Учествува и организира тркалезни маси и конференции кои се однесуваат на развојот на локалното законодавство. Помага во ефективно усвојување на европските структурни фондови преку лесен достап на информации за европските програми, проекти и иницијативи за заедништво. Постојано обезбедува комуникација со институциите кои се занимаваат со европските прашања (Национален совет за евроинтеграции при Собранието на РМ, Секретаријатот за европски прашања-СЕП при Влада на РМ, Европската комисија во РМ и др.). Успешно ги користи и управува со претпристапните фондови на ЕУ со посебен осврт на инструментот за претпристапна помош-ИПА и врши други работи што ќе му бидат доверени од Советот и Градоначалникот.

### Член 43

### 11.2. Одделение за стратешко планирање, креирање политики, следење и локален економски развој (ЛЕР)

Одделението за стратешко планирање, креирање политики, следење и локален економски развој (ЛЕР) ги врши работите што се однесуваат на: дефинирање и утврдување на стратешките цели на Општина Куманово, стратешки документи (стратешки план за Општината или за поединечни сектори, акциони планови и развојни планови) следење и нивна имплементација, мониторинг, евалуација и ревидирање и усогласување на постоечките планови со регионални, национални и меѓународни стратешки документи, организација, координација со секторите во Општина Куманово и изготвување на стратешкиот план на Општина Куманово, остварување соработка со надлежните органи во процесот на изготвувањето на стратешкиот план, следење на степенот на реализација на стратешкиот план на Општина Куманово, изготвување анализи и информации за резултатите од остварувањето на стратешките приоритети, како основа за изготвувањето на стратешкиот план за наредната година, проучување и единствена примена на законите и подзаконските акти во врска со стратешкото планирање, обединување на програмите за работа на организационите облици, следење на степенот на реализација на Годишната програма за работа, организирање, насочување и координирање на работата, водење на евиденција за прописите и другите акти од надлежност на општина Куманово, вршење на организациско-технички и протоколарни работи. Ги утврдува развојните и структурните приоритети на општината Куманово, предлага мерки и активности за спроведување на локалната економска политика. Предлага и превзема мерки за поддржување на развојот на малите и средните претпријатија и на

претприемништвото на општината. Учествува во воспоставување и развој на локалната мрежа на институции и агенции за промовирање на партнерството и за поттикнување на претприемништвото во општината. Превзема мерки и активности за поттикнување на развојот на занаетчиството, угостителството, туризмот и трговијата на подрачјето на општината. Превезема мерки и активности за основање и користење на општински инвестиционен фонд за собирање средства за финансирање на општинските инвестициски активности. Ги координира активностите околу добивањето и насочувањето на донациите за развојни цели и врши други работи што ќе му се доверат согласно законите и другите прописи и работи што ќе му бидат доверени од Советот и Градоначалникот.

Член 44

**12. Одделение за управување со човечки ресурси**

Одделението за управување со човечки ресурси ги врши работите кои се однесуваат на информативен систем за човечки ресурси, организациски развој и вработување на административни службеници и останатите вработени без статус на државни службеници, соработува и комуницира со сите Сектори и Одделенеија во состав на општинската администрација и со Агенцијата за администрација, ги следи и применува законките прписи од областа на Законот за локална самоуправа, Закон за административни службеници, Закон за работни односи, вклучувајќи ги и прописите што се однесуваат на правичната застапеност на заедниците, ја донесува програмата за работа на Одделението, Годишната програма за обука на административни службеници, Годишен извештај за изречени мерки за утврдена дисциплинска и материјална одговорност, Годишен извештај за податоците од регистарот на административни службеници, Годишен извештај за наградени административни службеници, донесува предлог-одлука за организација, делокругот и начинот на извршувањето на задачите на општинската администрација на Општината Куманово и предлага усогласување и дополнување на правилникот за систематизација на работните места во општинската администрација во Општина Куманово со измени на Законот за административни службеници, Закон за работни односи и други позитивни законски прописи и врши други работи што ќе му бидат доверени од Советот и Градоначалникот.

Член 45

**13. Територијална противпожарна единица на Општината Куманово**

Територијална противпожарна единица на Општината Куманово ги врши следните работи:

гасење на пожари на подрачјето на Општината;

отстранување на непосредна опасност за настанување на пожар;

спасување на животот на граѓаните и заштита на имотот загрозен од пожари и експлозии;

укажување техничка помош при незгоди и опасни ситуации;

извршување на други работи при несреќи и непогоди;

врши непрофитабилни услуги заради подобрување на техничката опременост и услови за работа, кои не го оневозможуваат или попречуваат вршењето на функцијата од претходните алинеи на овој став;

заедно со територијалните противпожарни единици на општините во РМ утврдени со закон, дејствуваат како противпожарни единици на Република Македонија заради оперативно делување при гаснењето на големи пожари на целата територија на Република Македонија;

давање помош кога тоа е побарано при гасење пожари во други држави;
водење посебна евиденција за настанатите пожари, експлозии, интервенции за гасење и интервенции за други настани според единствена методологија и известување на Дирекцијата за заштита и спасување и Општината Куманово за тоа;

- Периодично испитување и поверка на исправноста на противпожарната опрема со која располага Територијалната противпожарна единица;
- Тековна поправка и одржување на механиката;
- Давање противпожарно обезбедување на објекти, делегации, јавни собири, спортски и други манифестации, во координација со Министерството за внатрешни работи;
- Врши обука од областа на противпожарната заштита на припадници на АРМ;
- Едукација на граѓаните за заштита од пожари, преку организација на предавања, преку медиуми и организирање на други активности;
- Врши и други работи што ќе бидат доверени од Градоначалникот;

### Член 46

Општинската администрација врши и работи делегирани од органите на државната управа, во согласност со закон.

### Член 47

Општинската администрација соработува со соодветна администрација од други општини и со подрачните единици на министерствата на Владата на Република Македонија и другите државни органи за прашања и проблеми од заедничи интерес.

## IV. НАЧИН И ФОРМА НА РАКОВОДЕЊЕ СО ОРГАНИЗАЦИОНИТЕ ЕДИНИЦИ

### Член 48

Со општинската администрација раководи Градоначалник на Општината .

### Член 49

Со секторот раководи раководител на сектор.
Во случај на отсуство или спреченост на раководителот на секторот, со секторот раководи помошникот на раководителот на секторот.
Со одделението раководи раководител на одделение.
Во случај на отсуство или спреченост на раководителот на одделението, го заменува стручен административен службеник со највисоко звање во одделението, кој го определува раководителот на секторот.

### Член 50

Со Територијалната противпожарна единица на Општината Куманово раководи Командир .

Во случај на отсуство или спреченост на Командирот, со Територијалната противпожарна единица на Општината Куманово раководи заменик командир.
Со чета раководи командир, а во случај на отсуство или спреченост на командирот, со чета раководи заменик командир на чета.
Со одделение раководи командир на одделение.

## V.ПРЕОДНИ И ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ

### Член 51

Оваа Одлука може да се измени и дополни на начин и постапка како и при нејзиното донесување.

### Член 52

Со денот на влегувањето во сила на оваа Одлука престанува да важи Одлуката за организацијата, делокругот и начинот на извршување на задачите на општинскатаадминистрација на Општината Куманово Бр.09-8080/7 од 23.09.2015 година („Службен гласник на Општина Куманово" бр.11/15) и Одлуката за изменување и дополнување на Одлуката за организацијата, делокругот и начинот на извршување на задачите на општинската администрација на Општината Куманово бр.09-1773/26 од 14.03.2018 година („Службен гласник на Општина Куманово" бр.3/18).

### Член 53

Оваа Одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Куманово", а ќе се применува по дадената согласност од Министерство за информатичко општество и администрација.

Бр. 09-3091/6
4 мај 2018 година
Куманово

Совет на Општина Куманово
Претседател,
**Атина Мургашанска, с.р.**




## 328.

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ" бр. 5/02), член 51 став 1 точка 3 и член 52 од Статутот на Општина Куманово, Градоначалникот на Општина Куманово донесе

### Заклучок
### за објавување на Одлука за определување и исплата на надомест на изборните трошоци на учесниците во изборната кампања на локалните избори во 2017 година во Општината Куманово

1. Се објавува Одлуката за определување и исплата на надомест на изборните трошоци на учесниците во изборната кампања на локалните избори во 2017 година во Општината Куманово, Бр. 09-3091/7, што Советот на Општина Куманово ја донесе на седницата одржана на 04 мај 2018 година.
2. Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Куманово".

Бр. 08-3297/1 Градоначалник
7 мај 2018 година на Општина Куманово,
Куманово **Максим Димитриевски,с.р.**

## 329.

Врз основа на член 86 од Изборниот законик („Службен весник на РМ" бр.40/06,136/08,148/08,155/08,163/08,44/11,51/11,142/12,31/13,34/13,14/14,30/14,196/15,35/16,97/16,99/16,136/16,142/16,67/17,125/17 и 35/18) и член 68 од Статутот на Општина

Куманово („Службен гласник на Општина Куманово" бр.13/03, 13/07 и 8/15), Советот на Општина Куманово, на седницата одржана на 04 мај 2018 година, донесе

## О Д Л У К А
## за определување и исплата на надомест на изборните трошоци на учесниците во изборната кампања на локалните избори во 2017 година во Општината Куманово

Член 1

Со оваа Одлука се определува надоместокот за изборните трошоци кои треба да се исплатат на учесниците во изборната кампања од чии листи на кандидати се избрани членови на Советот на Општината Куманово и Градоначалник на Општината Куманово на локалните избори избори за 2017 година, и надоместок на трошоците за избори на учесниците во изборната кампања од чии листи на кандидати не е избран кандидат за член на Совет, односно кандидат за Градоначалник ако освоиле најмалку 1,5% од вкупниот број гласови од излезените граѓани на локалните избори одржани во 2017 година, во висина од 15 денари по добиен глас и тоа:

1.Листа на кандидати за членови на Совет:

| Ред бр | Назив на партија-коалиција | Добиени гласови | % на добиени гласови | Надомест по глас | Вкупно Денари |
|---|---|---|---|---|---|
| 1 | Демократска унија за интеграција-ДУИ | 3.894 | 7,78% | 15 | 58.410 |
| 2 | Алианса на Албанците А/А | 2.460 | 4,92% | 15 | 36.900 |
| 3 | ВМРО-ДПМНЕ и Коалиција | 14.752 | 29,47% | 15 | 221.280 |
| 4 | Движење БЕСА | 2.848 | 5,69% | 15 | 42.720 |
| 5 | ЛЕВИЦА | 1.244 | 2,49% | 15 | 18.660 |
| 6 | СДСМ и Коалиција | 21.760 | 43,48% | 15 | 326.400 |
| | Се вкупно | | | | 704.370 |

2.Листа на кандидати за Градоначалник

| Ред бр | Назив на партија-коалиција | Добиени гласови | % на добиени гласови | Надомест по глас | Вкупно Денари |
|---|---|---|---|---|---|
| 1 | Алианса на Албанците А/А | 2.950 | 5,89% | 15 | 44.250 |
| 2 | ВМРО-ДПМНЕ и Коалиција | 14.839 | 29,65% | 15 | 222.585 |
| 3 | Движење БЕСА | 2.925 | 5,84 | 15 | 43.875 |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| 4 | СДСМ и Коалиција | 26.289 | 52,53% | 15 | 394.335 |
| | Се вкупно | | | | 705.045 |

| | |
|---|---|
| Вкупно Совет и Градоначалник | 1.409.415 |

Член 2

Надоместокот на трошоците за избори од член 1 на оваа Одлука ќе се исплати од Буџетот на Општината Куманово за 2018 година, од Програмата А10, ставка 463170-Трансфери до политички партии и ќе се уплатат на доставените жиро-сметки на политичките партии.

Член 3

Одлуката влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Куманово“.

Бр. 09-3091/7
4 мај 2018 година
Куманово

Совет на Општина Куманово
Претседател,
**Атина Мургашанска, с.р.**

**330.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ бр. 5/02), член 51 став 1 точка 3 и член 52 од Статутот на Општина Куманово, Градоначалникот на Општина Куманово донесе

**Заклучок**
**за објавување на Одлука за изменување и дополнување на Одлуката за спроведување на површини за градење со намена А2 на парцели лоцирани вон централно градско подрачје во граница на градежен реон на град Куманово**

1. Се објавува Одлуката за изменување и дополнување на Одлуката за спроведување на површини за градење со намена А2 на парцели лоцирани вон централно градско подрачје во граница на градежен реон на град Куманово, Бр. 09-3091/10, што Советот на Општина Куманово ја донесе на седницата одржана на 04 мај 2018 година.
2. Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Куманово“.

Бр. 08-3300/1
7 мај 2018 година
Куманово

Градоначалник
на Општина Куманово,
**Максим Димитриевски,с.р.**

**331.**

Врз основа на член 36, став 1, точка 15 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.05/02) и член 68 од Статутот на Општина Куманово („Службен гласник на

Општина Куманово" бр. 13/03, 13/07 и 8/15), Советот на Општина Куманово, на седницата одржана на 04 мај 2018 година, донесе

**О Д Л У К А**

**за изменување и дополнување на Одлуката за спроведување на површини за градење со намена А2 на парцели лоцирани вон централно градско подрачје во граница на градежен реон на град Куманово**

Во Одлуката за спроведување на површини за градење со намена А2 на парцели лоцирани вон централно градско подрачје во граница на градежен реон на град Куманово, бр.09-8741/35 од 27 декември 2017 („Службен гласник на Општина Куманово" бр. 17/17), се вршат следните измени и дополнувања:

Член 1

Во насловот на Одлуката по зборот „спроведување", се додаваат зборовите: „и планирање".

Член 2

Во членот 1, по ставот 1 се додава нов став 2, кој гласи:
„Граница на градежен реон на град Куманово и граница на централно градско подрачје е дефинирана согласно ГУП за град Куманово."

Член 3

По членот 4, се додаваат нови членови 4-а и 4-б, кои гласат:

Член 4-а

Градежната линија може да се спроведува со дозволени пречекорувања од страна на издадените елементи од архитектонската пластика на градбите, доколку се предвидени согласно урбанистичкиот план, и истите ќе се утврдуваат во однос на градежната линија дефинирана со оваа Одлука.
Пречекорувањата на градежната линија не треба да излезат надвор од градежната парцела на било која височина на теренот.
Доколку градежната линија се совпаѓа со регулационата линија, не се одобруваат пречекорувања на градежната линија со првостепена и втростепена архитектонска пластика.
Кога градежната линија не се совпаѓа со регулационата линија, можните пречекорувања не смее да ја пречекорат регулационата линија на било која височина на теренот.
Кога градежната линија се совпаѓа со границата на градежната парцела со сосед, не се одобруваат пречекорувања на градежната линија со ниту еден вид архитектонска пластика.
За можни пречекорувања на градежната линија, кога градежната линија не се совпаѓа со границата на градежната парцела со сосед, потребно е да се обезбеди растојание од границата на градежната парцела до најистурената точка на пречекорувањето не помало од 1/3 од височината на градбата до венец која е планирана во урбанистички план.

Член 4-б

Обезбедување на потребниот број на паркинг места претставува основен услов за изградба до максимално дозволената површина и висина за градба. Минимален број на паркинг места ќе се определи согласно одредби за реализација од урбанистички план.

Паркиралишта се површини од градежното земјиште или од градбите кои се сообраќајно технички обликувани на безбеден и економичен начин да обезбедат групно стационирање на повеќе возила, така што за секое возило да има паркинг место и независен, безбеден и прегледен сообраќаен пристап."

Член 4

Во членот 6, по бројот (4) се става запирка и се додава „(4-а), ( 4-б)".

Член 5

Членот 9 се менува и гласи:
„Одредбите од оваа Одлука ќе се применуваат при изработка и донесување на сите урбанистички планови и урбанистичко-плански документации, по денот на влегување во сила на оваа Одлука.
Оваа Одлука ќе се применува во сите постапки за добивање на одобрение за градење отпочнати по денот на влегување во сила на истата, кои се однесуваат на спроведување на донесени урбанистички планови и урбанистичко-плански документации."

Член 6

Оваа Одлука влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Куманово".

Бр. 09-3091/10 Совет на Општина Куманово
4 мај 2018 година Претседател,
Куманово **Атина Мургашанска, с.р.**

332.

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ" бр. 5/02), член 51 став 1 точка 3 и член 52 од Статутот на Општина Куманово, Градоначалникот на Општина Куманово донесе

**Заклучок**
**за објавување на Одлука за утврдување потреба од донесување на урбанистичко-планска документација за КП 1541, м.в. Величковска маала, КО Четирце – Општина Куманово**

1. Се објавува Одлуката за утврдување потреба од донесување на урбанистичко-планска документација за КП 1541, м.в. Величковска маала, КО Четирце – Општина Куманово, Бр. 09-3091/11, што Советот на Општина Куманово ја донесе на седницата одржана на 04 мај 2018 година.
2. Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Куманово".

Бр. 08-3301/1 Градоначалник
7 мај 2018 година на Општина Куманово,
Куманово **Максим Димитриевски,с.р.**

333.

Врз основа на член 10 став 4, член 11 став 1, член 13 став 5 и член 19 од Законот за постапување со бесправно изградени објекти („Службен весник на РМ" бр. 23/2011, 54/2011, 155/2012, 72/2013, 44/2014, 115/14, 199/2014, 124/2015, 129/2015, 217/2015, 31/2016, 190/17) како и член 2 став 2, 5 и 6 од Правилникот за стандарди за вклопување на бесправни објекти во урбанистичко-планска документација („Службен весник на РМ" бр. 56/2011, 162/2012, 95/2014, 109/2014, 64/2015, 217/2015 и 52/2016), член 22 став 1 точка 1 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ" бр. 5/02) и член 25 став 1 точка 7 од Статутот на Општина Куманово („Службен гласник на Општина Куманово" бр. 13/03, 13/07 и 8/15), Советот на Општина Куманово, на седницата одржана на 04 мај 2018 година, донесе

**О Д Л У К А**

**за утврдување потреба од донесување на урбанистичко-планска документација за КП 1541 м.в. Величковска маала, КО Четирце - Општина Куманово**

Член 1

Со оваа Одлука се утврдува потреба од донесување на урбанистичко-планска документација за вклопување на бесправно изградени објекти кои се наоѓаат на КП 1541, м.в. Величковска маала, КО Четирце со намена А1- станбени куќи, со цел реализација на Законот за постапување со бесправно изградени објекти.

Член 2

Составен дел на оваа Одлука е/**се**

- Графички приказ со Ажурирана геодетска подлога
- Заклучок за прекинување на постапката бр. УП1-21-2467/2015 од 24.01.2018 година

Член 3

Одлуката влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Куманово".

Бр. 09-3091/11 Совет на Општина Куманово
4 мај 2018 година Претседател,
Куманово **Атина Мургашанска, с.р.**

334.

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ" бр. 5/02), член 51 став 1 точка 3 и член 52 од Статутот на Општина Куманово, Градоначалникот на Општина Куманово донесе

**Заклучок**

**за објавување на Одлука за утврдување потреба од донесување на урбанистичко-планска документација за КП 3347/1, м.в. Говедарски пат, КО Куманово – Општина Куманово**

1. Се објавува Одлуката за утврдување потреба од донесување на урбанистичко-планска документација за КП 3347/1, м.в. Говедарски пат, КО Куманово – Општина Куманово, Бр. 09-3091/12, што Советот на Општина Куманово ја донесе на седницата одржана на 04 мај 2018 година.
2. Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Куманово".

Бр. 08-3302/1
7 мај 2018 година
Куманово

Градоначалник
на Општина Куманово,
**Максим Димитриевски,с.р.**

335.

Врз основа на член 10 став 4, член 11 став 1, член 13 став 5 и член 19 од Законот за постапување со бесправно изградени објекти („Службен весник на РМ" бр. 23/2011, 54/2011, 155/2012, 72/2013, 44/2014, 115/14, 199/2014, 124/2015, 129/2015, 217/2015, 31/2016, 190/17) како и член 2 став 2, 5 и 6 од Правилникот за стандарди за вклопување на бесправни објекти во урбанистичко-планска документација („Службен весник на РМ" бр.56/2011, 162/2012, 95/2014, 109/2014, 64/2015, 217/2015 и 52/2016), член 22 став 1 точка 1 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ" бр. 5/02) и член 25 став 1 точка 7 од Статутот на Општина Куманово („Службен гласник на Општина Куманово" бр. 13/03, 13/07 и 8/15), Советот на Општина Куманово, на седницата одржана на 04 мај 2018 година, донесе

**О Д Л У К А**

**за утврдување потреба од донесување на урбанистичко-планска документација за КП 3347/1, м.в. Говедарски пат, КО Куманово - Општина Куманово**

Член 1

Со оваа Одлука се утврдува потреба од донесување на урбанистичко-планска документација за вклопување на бесправно изградени објекти кои се наоѓаат на КП 3347/1, м.в. Говедарски пат, КО Куманово со намена А1- станбени куќи, со цел реализација на Законот за постапување со бесправно изградени објекти.

Член 2

Составен дел на оваа Одлука е/**се**

- Графички приказ со Ажурирана геодетска подлога
- Заклучок за прекинување на постапката бр. УП1-21-7820/2017 од 19.12.2017 година
- Заклучок за прекинување на постапката бр. УП1-21-7822/2017 од 19.12.2017 година
- Заклучок за прекинување на постапката бр. УП1-21-7823/2017 од 19.12.2017 година

Член 3

Одлуката влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Куманово".

Бр. 09-3091/12
4 мај 2018 година
Куманово

Совет на Општина Куманово
Претседател,
**Атина Мургашанска, с.р.**

336.

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ бр. 5/02), член 51 став 1 точка 3 и член 52 од Статутот на Општина Куманово, Градоначалникот на Општина Куманово донесе

**Заклучок**
**за објавување на Одлука за утврдување потреба од донесување на урбанистичко-планска документација за КП 798, м.в. Вртача, КО Довезенце – Општина Куманово**

1. Се објавува Одлуката за утврдување потреба од донесување на урбанистичко-планска документација за КП 798, м.в. Вртача, КО Довезенце – Општина Куманово, Бр. 09-3091/13, што Советот на Општина Куманово ја донесе на седницата одржана на 04 мај 2018 година.
2. Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Куманово“.

Бр. 08-3303/1 Градоначалник
7 мај 2018 година на Општина Куманово,
Куманово **Максим Димитриевски,с.р.**

337.

Врз основа на член 10 став 4, член 11 став 1, член 13 став 5 и член 19 од Законот за постапување со бесправно изградени објекти („Службен весник на РМ“ бр. 23/2011, 54/2011, 155/2012, 72/2013, 44/2014, 115/14, 199/2014, 124/2015, 129/2015, 217/2015, 31/2016, 190/17) како и член 2 став 2, 5 и 6 од Правилникот за стандарди за вклопување на бесправни објекти во урбанистичко-планска документација („Службен весник на РМ“ бр. 56/2011, 162/2012, 95/2014, 109/2014, 64/2015, 217/2015 и 52/2016), член 22 став 1 точка 1 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ бр. 5/02) и член 25 став 1 точка 7 од Статутот на Општина Куманово („Службен гласник на Општина Куманово“ бр. 13/03, 13/07 и 8/15), Советот на Општина Куманово, на седницата одржана на 04 мај 2018 година, донесе

**О Д Л У К А**
**за утврдување потреба од донесување на урбанистичко-планска документација за КП 798, м.в. Вртача, КО Довезенце - Општина Куманово**

Член 1

Со оваа Одлука се утврдува потреба од донесување на урбанистичко-планска документација за вклопување на бесправно изградени објекти кои се наоѓаат на КП 798, м.в. Вртача, КО Довезенце со намена А1- станбени куќи, со цел реализација на Законот за постапување со бесправно изградени објекти.

Член 2

Составен дел на оваа Одлука е/**се**

- Графички приказ со Ажурирана геодетска подлога
- Заклучок за прекинување на постапката бр. УП1-21-5152/2012 од 24.04.2018 година

Член 3

Одлуката влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Куманово".

Бр. 09-3091/13
4 мај 2018 година
Куманово

Совет на Општина Куманово
Претседател,
**Атина Мургашанска, с.р.**

338.

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ" бр. 5/02), член 51 став 1 точка 3 и член 52 од Статутот на Општина Куманово, Градоначалникот на Општина Куманово донесе

**Заклучок**
**за објавување на Одлука за утврдување потреба од донесување на урбанистичко-планска документација за КП 264, м.в. Калиште, КО Клечовце – Општина Куманово**

1. Се објавува Одлуката за утврдување потреба од донесување на урбанистичко-планска документација за КП 264, м.в. Калиште, КО Клечовце – Општина Куманово, Бр. 09-3091/14, што Советот на Општина Куманово ја донесе на седницата одржана на 04 мај 2018 година.
2. Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Куманово".

Бр. 08-3304/1
7 мај 2018 година
Куманово

Градоначалник
на Општина Куманово,
**Максим Димитриевски,с.р.**

339.

